

ПРИКЛУЧИ СЕ И ТИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

ПОВЛЕЧИ ЦРВЕНА ЛИНИЈА!

# ПРИЈАВИ КОРУПЦИЈА

ПРИКЛУЧИ СЕ И ТИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

ПОВЛЕЧИ ЦРВЕНА ЛИНИЈА!

# ПРИЈАВИ КОРУПЦИЈА

Им овозможува на граѓаните да пријават случаи корупција, врз кои подоцна работи тимот на ТИ- Македонија, и како одобрени и потврдени ги публикува online на веб страницата www.prijavikorupcija.org

**Пријави Корупција** е заеднички проект на:

Transparency International – Macedonia (Транспаренси Интернешнл – Македонија);

Center for International Relations (Центар за меѓународни односи) од Вашингтон, САД.

**Пријави Корупција** поддржана од:

Организацијата National Endowment for Democracy (Национален придонес кон демократија);

Мобилниот оператор Оне во Република Македонија.

ПРИКЛУЧИ СЕ И ТИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

ПОВЛЕЧИ ЦРВЕНА ЛИНИЈА!

# Прв проект од овој вид на Балканот и во Европа

**Пријави Корупција** за 12 месеци се стекна со 13500 **Facebook** приврзаници.

Веб страната www.prijavikorupcija.org е поставена заради демократизација на информациите, зголемување на транспарентноста и намалување на бариерите, наменета за оние кои сакаат да ги споделат своите искуства со корупцијата.

Посетителите на www.prijavikorupcija.org можат да ги видат објавените пријави категоризирани според сектор на корупција и географски распоред. Сите приватни информации приложени од граѓаните се недостапни за јавноста.

ПРИКЛУЧИ СЕ И ТИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

**ПОВЛЕЧИ ЦРВЕНА ЛИНИЈА!**

# Пријави Корупција

# Сервис кој им овозможува на граѓаните да пријават случаи на корупција

**Во изминатите 12 месеци граѓаните пријавиле 199 релавантни случаи на корупција од вкупно 227 пријави преку**:

- испраќање бесплатен СМС  на мрежата на ONE **145111**
- пополнување на веб апликација www.prijavikorupcija.org (испраќање текст, слика и видео)
- АНДРОИД апликација на македонски јазик, албански јазик и англиски јазик
- испраќање електронска пошта на info@prijavikorupcija.org
- испраќање известување преку Twitter со користење на **#korupcijaMK** или
- јавување на телефон **02 3217 000**

ПРИКЛУЧИ СЕ И ТИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

ПОВЛЕЧИ ЦРВЕНА ЛИНИЈА!

## Оваа презентација дава увид:

- **во работата на Пријави Корупција во изминатите 12 месеци;**
- **во постапувањето на ТИ-Македонија со добиените пријави; и**
- **во тоа какво било постапувањето на институциите во постапките започнати од ТИ-Македонија врз основа на наводите во пријавите од граѓаните.**

ПРИКЛУЧИ СЕ И ТИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

ПОВЛЕЧИ ЦРВЕНА ЛИНИЈА!

# 199 Пријави за Корупција годишно

# 16,5 пријави месечно



ПРИКЛУЧИ СЕ И ТИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

# ПОВЛЕЧИ ЦРВЕНА ЛИНИЈА!

## 60 пријави од градови
## 68 пријави од рурални подрачја



ПРИКЛУЧИ СЕ И ТИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

ПОВЛЕЧИ ЦРВЕНА ЛИНИЈА!

## 60 пријави од градови
## 68 пријави од рурални подрачја

Вкупно гледано забележливо е присуство на пријави кои се добиени или се однесуваат на руралните средини (86), што укажува на зголемен интерес и обем на деловни активности во овие подрачја.

Зголемениот број се должи и на преминувањето на одредени овластувања кон ЕЛС, односно нивното управување со државното градежно земјиште.

ПРИКЛУЧИ СЕ И ТИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

ПОВЛЕЧИ ЦРВЕНА ЛИНИЈА!

# Категории на корупција

## Категории на кои граѓаните најмногу се жалат



ПРИКЛУЧИ СЕ И ТИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

ПОВЛЕЧИ ЦРВЕНА ЛИНИЈА!

# Категорија друго
# нови аспекти на корупција

Категоријата друго има 35 пријави односно 16,5%  и опфаќа категории за кои граѓаните не биле сигурни, а кои се утврдени дополнително врз основа на анализи.

Во неа се опфатени секторот на урбанизам и продажбата на градежно земјиште во единиците на локалната самоуправа.

**Особено забележителен е бројот на пријави со наводи за отстапување од условите за продажба на градежно земјиште преку промена на Деталните урбанистички планови и на ниво на Министерството за Транспорт и Врски и на ниво на Единиците на Локалната Самоуправа.**

ПРИКЛУЧИ СЕ И ТИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

ПОВЛЕЧИ ЦРВЕНА ЛИНИЈА!

# Категории на корупција низ полугодија




Полугодишно, пријави со наводи за фискална недисциплина односно даноците (од 13 на 21) и инспекцискиот надзор (од 10 на 14) забележуваат од по нагорна линија

Има пад во бројот на пријави поврзани со правосудството (од 17 на 7) иако вкупниот број е се уште висок (24).

Бројот на пријави поврзани со царината е релативно низок (5 и 5) вкупно 10.

ПРИКЛУЧИ СЕ И ТИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

ПОВЛЕЧИ ЦРВЕНА ЛИНИЈА!

# Постапка на одбрување и објавување на пријави

Пријавите се евидентираат во збирна база на податоци односно пријави добиени во ТИ-Македонија.
Пристигнатите пријави  од граѓаните се следат тековно и во кус временски рок – не поголем од една седмица, се решава статусот по најголемиот број од пријави.
Кога ќе се оцени дека наводите во пријавата наведуваат на корупција пријавата се одобрува и станува видлива за сите преку веб страната Пријави Корупција.

По 118 пријави односно во 59% случаи  од подносителите се побарани дополнителни информации во текот на постапката за одобрување.

Дел од пријавите (28 или 12%) не посочуваат на корупција, заради тоа што се однесуваат на работни односи или други околности.

ПРИКЛУЧИ СЕ И ТИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

ПОВЛЕЧИ ЦРВЕНА ЛИНИЈА!

# Јавно објавени пријави на веб страната



ПРИКЛУЧИ СЕ И ТИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

ПОВЛЕЧИ ЦРВЕНА ЛИНИЈА!

# Постапка на потврдување

Во одреден број на случаи (73 пријави) поради природата на самата постапка одобрените пријави не се поставуваат на веб страницата додека не поминат низ процесот на верификација.

| Статус на пријавите во процес на обработка | |
|---|---|
| одобрени | 76 |
| не одобрени | 123 |
| потврдени | 27 |
| не потврдени | 172 |

Постапката по добиени и одобрени пријави опфаќа повеќекратна проверка на наводите:

- Дали има други јавно достапни информации во врска со наводите или некои елементи посочени во нив. На овој начин се добиваат и дополнителни информации кои ги до објаснуваат околностите во наводите содржани во пријавата.
- Анализа од страна на правен советник, и по потреба консултации со правни експерти за поединечни области на правото или форми на корупција.

ПРИКЛУЧИ СЕ И ТИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

ПОВЛЕЧИ ЦРВЕНА ЛИНИЈА!

# Постапка на потврдување

Кога во пријавата има доволно информации за постапување, најчесто се постапува според Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер или според Законот за претставки и предлози.

Барањата односно Претставките се упатуваат до соодветните институции.
Овој дел од постапката може да трае и повеќе месеци во зависност од бројот на иматели од кои е побарана некоја информација и времето во кое е одговорено.

Најповеќе обраќања (10) биле упатени до Државниот Управен Инспекторат заради вршење вонреден инспекциски надзор, поради тоа што во наводите од пријавата било посочено работењето на некој управен орган.

ПРИКЛУЧИ СЕ И ТИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

ПОВЛЕЧИ ЦРВЕНА ЛИНИЈА!

# Постапки кон институции

Во врска со добиените пријави имало 65 обраќања до институциите преку Претставки и Барања за слободен пристап до информации од јавен карактер. Вкупно бил добиен 41 одговор.



ПРИКЛУЧИ СЕ И ТИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

ПОВЛЕЧИ ЦРВЕНА ЛИНИЈА!

# Ефекти

Врз основа на добиените одговори односно поради природата на наводите три пријави биле проследени на натамошно разгледување и истрага од страна на овластените органи (две до Управата за Јавни Приходи и една во МВР).

Во девет случаи изработени се посебни анализи во врска со наводите со краток осврт кој е предаден на подносителот на пријавата за нивни потреби во понатамошните постапки.

Кога пријавата не содржи наводи по кои е потребно да се постапи со директно обраќање до институциите, нашето мислење се доставува до подносителот на пријавата за нивна информација и понатамошно користење и се објавува на веб страницата www.prijavikorupcija.org како коментар.

ПРИКЛУЧИ СЕ И ТИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

# ПОВЛЕЧИ ЦРВЕНА ЛИНИЈА!

## Пример 1

Пријавата се однесуваше на барање на градот Скопје ретроактивно да наплати данок на имот за изминатите пет години. За тој имот кој се наоѓа во централното градско подрачје веќе бил исплатен регрес поради наплата на данок на имот ослободен од даночно задолжување. Откако од подносителот побаравме и ни беше доставена документацијата која ги потврди овие наводи, преку Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер се обративме до Управата за Културно наследство. Од добиената информација беше утврдено дека имотите во посоченото градско подрачје повеќе не го уживаат ова даночно ослободување. Преку Соопштение им посочивме на граѓаните дека имотот има даночно задолжение но од оваа 2012 година, како и тоа дека не само што не треба да го платат данокот за минатите пет години, туку и дека оние кои го платиле имаат правен основ да побараат регрес од градот. Ова се однесува на поголем број на граѓани сопственици на станови во Урбана целина Централно градско подрачје II во Скопје.

ПРИКЛУЧИ СЕ И ТИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

ПОВЛЕЧИ ЦРВЕНА ЛИНИЈА!

# Пример 2

Од граѓанин на Република Македонија кој престојува во САД, добивме пријава дека предметот за експропријација на земјиште започнат во 2008 година е заглавен во администрацијата и се уште не стасал во судот за да може да се утврди цена за земјиштето.  Понудената цена била ниска, а земјиштето уште тогаш било одземено од владение. ТИ-Македонија на 28.08.2012 година упати Претставка до Државниот  управен инспекторат . На 28.09.2012 година од Инспекторатот добивме одговор дека при вршење на вонреден инспекциски надзор на 17.09.2012 година било констатирано дека на 07.09.2012 година предметот од 2009 година на Министерството за Финансии – УИПР - Одделение за управна постапка Гази Баба, бил испратен до Основниот Суд Скопје 2.



ПРИКЛУЧИ СЕ И ТИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

**ПОВЛЕЧИ ЦРВЕНА ЛИНИЈА!**

# Во корист и за институциите

Институциите преку Пријави Корупција можат да добијат известување и видат што пријавуваат граѓаните. Одговорните во институциите добиваат увид во тоа како работат нивните вработени. Така институциите можат да ги подобрат постапките.

# Во корист и за граѓаните

Пријави Корупција ги мотивира и им овозможува на граѓаните да бидат поактивни во остварувањето на своите права и контрола врз работењето на институциите на локално и на централно ниво.

# Во корист и за медиумите

Пријави Корупција ги мотивира медиумите да ги користат информациите за натамошни истражувања.

ПРИКЛУЧИ СЕ И ТИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

# ПОВЛЕЧИ ЦРВЕНА ЛИНИЈА!

Ви благодариме!

www.prijavikorupcija.org